HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани луѓе. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием и пополнување на следната работна позиција во Банката:

**Референт за операции**
**во Филијала Делчево**
**Референца Бр. 013/2026**

**Главни работни задачи:**

- Организирање на дневното благајничко пребројување според принципот на двојна контрола;
- Дневна и редовна контрола на извршените налози за плаќање, и верификација;
- Обезбедување на имплементација на екстерната и интерната регулатива целосна усогласеност;
- Следење на наплатата на побарувањата;
- Одговорен за контролирање на работењето на филијалата, имплементирање на политиките, процедурите и методологиите во областа на работењето;
- Контролирање на оперативните активности извршени во рамки на филијалата;
- Подготовка на документацијата за кредитна изложеност во согласност со работните процедури;
- Учество во промовирањето на продажбата, кредитните одбори, и кредитната администрација;
- Спроведување на воспоставените конторлни механизми и постапки согласно интерните процедури;
- Контролирање и авторизирање на налозите за девизно плаќање.

**Потребни квалификации и карактеристики:**

- Завршено високо образование од областа на економските науки;
- На истата или слична позиција најмлаку 2 години;
- Познавањето на банкарските операции, готовинските и безготовинските благајнички операции и искуство со комуникација со клиенти ќе се смета за предност;
- Почитување на зададени рокови и усогласување на работењето со интерната и законската регулатива;
- Професионален изглед и однесување;
- Познавање и активна примена од MS Office алатките.

**Истовремено, кандидатот треба задолжително да ги поседува следните познавања и вештини:**

- Ориентираност и амбиција за стекнување нови знаења и вештини;
- Усмени и писмени комуникациски вештини;
- Аналитички способности;
- Способност за самоорганизирање и навремено завршување на работите;
- Ориентација кон постигнување на резултати и решавање на проблеми;
- Способност за работа во тим
- Висок степен на интегритет, чесност, искреност и доверливост.

**Бенефиции:**

- Конкурентна плата;
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;

Доколку сте заинтересирани за позицијата и ги исполнувате условите од огласот, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **18.09.2026** година, на следниов е-маил: **career@halkbank.mk со назнака: Референца Бр. 013/2026 – Референт за операции во Делчево.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV). Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Доколку сакате да ја повлечете согласноста за чување и обработка на Вашите лични податоци за цели на идни нови вработувања во Банката, истото можете да го направите во секое време на следниот е-маил: **career@halkbank.mk.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.